Врз основа на член 3 став 1 точка 27, член 142 став 6 и член 162 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на РМ“ број 27/15, 78/15, 192/15, 27/16 и 120/16), по овластување број 04-019511/17-0001 од 30.03.2017 година од директорот на Царинската управа, помошник директорот на Секторот за правни работи, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на најповолна понуда

Врз основа на извештајот од Комисијата за јавни набавки број 05-006903/17-0014 од 15.05.2017 година, изготвен по спроведена отворена постапка број 03/2017 за доделување на договор за јавна набавка на услуга за одржување на системот EXIM како најповолен понудувач СЕ ИЗБИРА:

**Ултра ДОО Скопје**

Правата и обрските меѓу набавувачот и понудувачот во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор, склучен согласно член 208 од Законот за јавните набавки.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на член 3 став 1 точка 27 и член 28 од Законот за јавни набавки, помошник директорот на Секторот за административни и технички работи, по овластување број 04-075739/16-0002 од 02.11.2016 година од директорот на Царинската управа на Република Македонија, донесе Одлука за јавна набавка број 05-006903/17-0004 од 21.03.2017 година, за набавка на услуга за одржување на системот EXIM .

Потребните средства за оваа намена во вкупен износ до 2.000.000,00 денари, вклучувајќи ги и трошоците за даноци и други јавни давачки, се обезбедени на следниов начин:

- средства во износ од 1.000.000,00 денари се обезбедени со буџетот на Царинската управа за 2017 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424,
- средства во износ од 1.000.000,00 денари ќе бидат планирани со буџетот на Царинската управа за 2018 година, раздел 09003, сметка 637, програма 20, ставка 424,

Јавната набавката се спроведе со отворена постапка, со користење на електронски средства преку ЕСЈН и електронска аукција како последна фаза од постапката, согласно член 22, член 64 и член 121 од Законот за јавни набавки.

По целосна проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, Комисијата за јавни набавки изготви и до одговорното лице достави Извештај од спроведена постапка 05-006903/17-0014 од 15.05.2017 година, со кој предлага како најповолен понудувач по предметната постапка да се избере понудувачот: Ултра ДОО Скопје, (ЕДБ 4030990239062/ЕМБС 4130979), со доставена понуда број 05-006903/17-0010 од 03.05.2017 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство:
Согласно член 216 од Законот за јавни набавки, незадоволниот економскиот оператор во постапката за доделување на договор за јавна набавка може да поднесе жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во рок од 8 (осум) дена од денот на прием на известувањето за избор. Жалбата истовремено се доставува и до договорниот орган.

Помошник директор,
Беадин Рамадани

Бр. 05-006903/17-0016
Скопје, 18-05-2017

Доставено во оригинал до:
- Претседателот на комисијата за јавни набавки
- Писарница/архива,

Доставено преку ЕДМС до:
- Заменик претседателот, членовите и заменициите членови на комисијата,
- Одделение за јавни набавки